**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1203-87/1**

**Скопје, 22.01.2007 година**

**До**
**ФОНДОТ ЗА ВОДИТЕ - СКОПЈЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за водите - Скопје, за 2005 година, кои се прикажани на страните од 9 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Фондот за водите - Скопје за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Мирко Иванов, директор до 07.04.2005 година
   - Снежана Мартулкова в.д. директор од 07.04.2005 до 01.08.2005 година
   - Алил Џафероски, директор од 01.08.2005 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 8 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 01.09.2005 до 28.09.2005 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој известај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 12.12.2006 година добиени се забелешки на Претходниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2005 година на Фондот за водите – Скопје, број 02-6077/1 од 12.12.2006 година.
Забелешките беа разгледани и по истите е одлучено како следува:
- забелешките по наодите во точките 10.1.2 став 2, 10.1.3, 10.2.2, 10.4.1.4, 10.4.1.6 и 10.4.1.7 се прифаќаат поради дополнително доставени докази а
- забелешките на наодите во точките 10.1.1, 10.1.2 став 1, 10.3.2, 10.4.1.1 и 10.4.2.1 се одбиваат како неосновани.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

***11.1. Неправилна примена на акти:***

11.1.1. Нерешен статус на Фондот за водите

- Врз основа на Заклучок на влада од 2003 година за донесување нов Закон за водите извршени се измени на Законот за буџетите (Службен весник на Р.М. бр. 24/03, 85/03 и 96/04), односно Фондот за водите е избришан од Буџетот на Републиката. Не извршените измени и дополнувања на Законот за води во поглед на работата на Фондот и распределба на средствата кои произлегуваат од изворите определени со Законот за води, не овозможува финансирање со Законот за буџетите.

- Со измените на Законот за буџети, приходите и трошоците на Фондот за водите во 2005 година вклучени се во една од програмите на Министерството за животна средина и просторно планирање, што е спротивно на член 67 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на Р.М. бр. 58/00), по кој Фондот треба да продолжи да работи како самостоен субјект, чија организација и работа се утврдуваат со закон, а приходите ги прибира и троши преку своја сметка во деловна банка, а не како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање. Ваквиот начин на финансирање не овозможува поефикасно финансирање на Фондот.

**Препорака:**

Со законска регулатива да се реши статусот и финансирањето на Фондот за водите, односно да се изврши усогласување на законските прописи кои го регулираат статусот на Фондот.

11.1.2. Ревизијата утврди дека не е добиена согласност од Владата на Република Македонија, што е спротивно на член 122 од Законот за водите, поради тоа што Владата не се произнела по доставување на истата од страна на Фондот за водите.

11.1.3. Извештајот за работата на Фондот за водите во 2005 година, каде е утврдена работата на Управниот одбор, не е доставен до Владата на Република Македонија, спротивно на член 6 од Статутот на Фондот, поради направен пропуст и истото има влијание на можноста за следење на работата на Управниот одбор на Фондот, од страна на Владата, пред која истиот одговара за својата работа.

**Препорака:**

Управниот одбор на Фондот за водите, најмалку еднаш годишно да поднесува Извештај за својата работа до Владата на Република Македонија.

***11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела:***

11.2.1. Фондот за водите не врши претходна контрола на финансиската документација пред исплата согласно член 14 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетски корисници, поради тоа што во Правилникот за организација и систематизација за спроведување на истото не е предвидено такво работно место. Истото влијае на исправноста и комплетноста на финансиската документација како и на финансиските извештаи.

Во 2006 година е извршено усогласување на Правилникот за организација и систематизација, согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници  (член 12 и член 17) со што е воспоставена контрола на исправноста и комлетноста на финансиската документација.

***11.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба***

11.3.1. Евиденцијата на побарувањата, на ставката Други побарувања во Билансот на состојбата, по основ на надоместок за води, согласно Законот за водите е воспоставена врз основа на интерна пресметка, без пишани процедури за утврдување на основицата со точни податоци, на која обврзниците треба да платат надоместок и без извршено усогласување со обврзниците, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Поради сериозните потешкотии во обезбедување на документација за евиденцијата кај субјектите-обврзници и евидентирање на побарувањата врз основа на известувања, се нема увид во побарувањата што ги има Фондот.

**Препорака:**

Со оглед на тоа што се извршени измени во Законот за водите, со кои се допрецизирани обврзниците и начинот на наплата на надоместокот за води, Фондот за водите да воспостави соодветни процедури во врска со обезбедување точни податоци за основицата за пресметка на надоместокот за води и нивна  евиденција како побарување од субјектите, како и во поглед на наплатата на побарувањата.

11.3.2. Со примена на постапките за независно усогласување за побарувањата, од вкупно испратените конфирмации добиени се 60% од кои 17% се усогласени, додека 83% не се усогласени со евиденцијата, односно постои неусогласеност за износ од 8.649 илјади денари. Со примена на постапките за независно усогласување за обврските, од вкупно испратените конфирмации добиени се 62% од кои 94% се усогласени, додека 6% не се усогласени со евиденцијата односно постои неусогласеност за износ од 800 илјади денари.

### *11.4. Ненаменско и незаконско користење на средства:*

*11.4.1. Направени, расходи без претходно обезбедени средства со финансиски план и спротивно на законските прописи*

11.4.1.1. Фондот за водите врз основа на донесените Одлуки за користење финансиски средства за заштита на реките и езерата, има превземено обврски по Договори за доделување финансиски средства, кои се пренесени во следната година во вкупен износ од 51.069 илјади денари над обезбедените средства со финансискиот план, што е спротивно на одредбите од Законот за водите. Истите претставуваат 92% од вкупно исплатените средства за таа намена во 2005 година. Склучување на договори на цел износ кој е наведен во одлуката и неизвршеното долгорочно планирање на склучување договори со динамика на исплата, ќе влијае на доделувањето финансиски средства во 2006 година.

**Препорака:**

Фондот за водите да склучува договори во согласност со предвидените извори на средства, а за донесените одлуки за користење финансиски средства да изврши долгорочно планирање и предвидување на динамиката за реализација на истите со склучување договори за доделување финансиски средства кои ќе бидат опфатени во програмата и финансискиот план за тековната година, што е во согласност со одредбите од Законот за водите.

11.4.1.2. Од ставката Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во Билансот на приходи и расходи, исплатени се повеќе средства во вкупен износ од 113 илјади денари, по основ исплата на телефонски услуги, што е спротивно на Финансовиот план и Статутот на Фондот за водите, поради остварени расходи кои не се планирани и одобрени со финансискиот план за 2005 година. Истото има влијание на наменското користење на средствата.

**Препорака:**

Да се врши наменско трошење на средствата, согласно планираниот и одобрен финансиски план.

11.4.1.3. Од ставката Договорни услуги во Билансот на приходи и расходи исплатени се средства во вкупен износ од 517 илјади денари, по основ авторски договор преку Веда ДООЕЛ Агенција за деловно посредување и застапување на авторски права, за ангажирање лица за работи и работни задачи од работен однос за предвидени работни места со Правилникот за систематизација и организцијата, а без одлука на Управен одбор, спротивно на член 7 од Статутот и Законот за работни односи, поради потребата за извршување работни задачи определени со новиот Правилник за систематизација и организцијата на работни места.

**Препорака:**

Ангажирањето лица за работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос да се врши согласно постоечката законска регулатива, Статутот и интерните акти на Фондот.

11.4.1.4. Склучен е Договор за доделување финансиски средства за наводнување насади на приватни правни лица и исплатен е износ од 3.000 илјади денари, врз основа на пренесена водостопанска согласност од ЈВП Тиквешко Поле–Кавадарци, што е спротивно на член 39, став 3 од Законот за водите, поради

незапазување на законската регулатива. Истото има влијание на наменското и законското користење на средствата.

**Препорака:**

Фондот да не доделува финансиски средства спротивно на одредбите од Зконот за водите.

.

*11.4.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

11.4.2.1. За вршење набавки од мала вредност, не е донесен интерен акт со кој се утврдува организациониот облик или лицето кое ќе биде одговорно за собирање на понудите од кандидатите, начинот на собирање на понудите, начинот за извршување на договорот, што е спротивно на член 72 од Законот за јавни набавки.

Во текот на 2006 година донесен е интерен акт, со кој согласно член 72 од Законот за јавни набавки ќе го утврди организациониот облик или лицето одговорно за собирање на понудите и начинот за извршување на договорот.

11.4.2.2. Во текот на 2005 година извршени се набавки на: мобилен телефон, телефакс, компјутерска опрема, во вкупен износ од 228 илјади денари, по одлуки за набавка донесени пред изготвување на Измените и дополнувањата на планот за јавни набавки усвоен од Управен одбор на 26.09.2005 година, спротивно на Законот за јавни набавки, поради нецелосна примена на законската регулатива и има влијание на вршење набавки пред планирање на вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со што се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи.

Неспроведувањето на постапки за јавни набавки, создаваат можности за измами, грешки, злоупотреба, корупција и набавки по зголемени цени.

**Препорака:**

Планот за јавни набавки да се изготвува пред вршење на набавките.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.1, 11.2 и 11.3 финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Фондот за водите - Скопје на ден 31 Декември 2005 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.1, 11.2, 11.3 и 11.4. кај Фондот за водите - Скопје остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

14. ***Прифатени и корегирани неправилности од страна на Фондот за водите во текот на ревизијата, а се однесуваат на:***

*14.1. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

14.1.1. Во текот на ревизијата пуштен е налог за сторнирање на позициите Материјални средства и Извори на капитални средства во Билансот на состојба за износ од 16 илјади денари, поради сметководствена евиденција на расходи за регистрација при набавка на возило, со кои е зголемена

вредноста на истото, спроведени по Измената на Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници од 2005 година, но со важност од 01.01.2006 година, односно постапено е согласно одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

14.1.2. Во текот на ревизијата пуштен е налог за докнижување на позициите Активни временски разграничувања и Обврски за други даноци и придонеси во Билансот на состојба за износ од 16 илјади денари, поради неевидентирана обврска за персонален данок од надоместок за членови на Управен одбор за месец 12/2005, односно постапено е согласно одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

14.1.3. Во текот на ревизијата пуштен е налог за раскнижување од позициите Други капитални вложувања и Државен јавен капитал во вкупен износ од 4.798 илјади денари, за евидентираните проекти и техничка документација, финансирани од Владата на РМ, кои се предадени на Владата врз основа на писма за достава, за нивно понатамошно користење во изведбите и извршено е евидентирање на соодветните позиции од вонбилансна евиденција, поради задржани примероци во Фондот за водите, како инвеститор на проектите.

14.1.4. Во текот на ревизијата пуштен е налог за евидентирање на позициите Други побарувања и Пасивни временски разграничувања во Билансот на состојба за износ од 21.722 илјади денари за евидентирање на побарување спрема Месна заедница с. Истибање Виница, по основ на реализирани исплати во 2002 година по асигнации без настанат должничко доверителен однос и без соодветна валидна финансиска документација, а врз основа на Договор за доделување на финансиски средства за регулација на дол во с.Истибање, како и врз основа на поднесено тужбено барање за наплата на побарувањето ПСС 1028/03, односно постапено е согласно одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

14.1.5. Во текот на ревизијата пуштен е налог за евидентирање на позициите Други побарувања и Пасивни временски разграничувања во Билансот на состојба за износ од 3.504 илјади денари за евидентирање на побарување спрема ДООЕЛ Табос од Скопје и Илија Димовски од Штип, по основ поднесено противтужбено барање за наплата на побарувањето ПСС 1183/03 за раскинување на договори поради неисполнување на обврска и повраќај на упладени средства врз основа на Договор за финансирање на научно истражувачки проектиа број 3/399 од 23.06.1999 година, број 12-225/2 од 23.06.1999 година, број 4/01 од 20.04.2001 година и број 03-239/1 од 03.05.2001 година, односно постапено е согласно одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

15. ***Известување за преземени мерки од страна на Фондот за водите по основ на препораките и мерките на ревизијата по Конечниот извештај за 2004 година и тоа:***

15.1.1. Програмата за унапредување на водостопанството за 2005 година на Фондот за водите е донеставена до Владата на Република Македонија на усвојување, согласно член 122 од Законот за водите, односно постапено е по препораките за точка 11.11. од Конечниот извештај за 2004 година.

15.1.2. Извршен е попис на канцелариskиот мебел, кој е во сопственост на Заводот за водостопанство и на патничкото возило марка џип Ландровер Фрилендер, сопственост на Министерството за животна средина и просторно планирање,

како туѓи средства и обезбедени се пописни листи со вредност на туѓите средства со што е утврдена вистинската состојба на средствата, согласно одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, односно постапено е по препораките за точка 11.12. од Конечниот извештај за 2004 година.

15.1.3. Во текот на 2005 година, донесен е нов Правилник за организација и систематизација на работните места на Фондот за водите, во кој е предвидено вршење претходна контрола на финансиската документација пред исплата, согласно член 14 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетски корисници, односно постапено е по препораките за точка 11.2.1 од Конечниот извештај за 2004 година.

## 16. *Обелоденување*

16.1.1. Ревизијата е должна да укаже недонесување водостопанска основа од страна на Собранието на Република Македонија, согласно член 22 од Законот за водите за која Фондот за водите во периодот 2003-2005 година, согласно член 23 и 24 од Законот за водите врши исплати на средства за изработка на истата. Тука се појавува незаинтересираност во поглед на водите, одржување и подобрување на режимот на водите и нивно рационално користење на територијата на Република Македонија, согласно водостопанската основа.

16.1.2. Во врска со учеството на Фондот за водите во дофинансирање на изведбата на доводен цевковод во МЗ с.Скудриње, каде освен Фондот почнувајќи од 2002 година се појавуваат и други финансиери на Општината Маврово и Ростуше како корисници на средствата, ревизијата е должна да укаже на неусогласеност на финансиската конструкција утврдена во Решението за одобрување на средства од Министерството за локална самоуправа-Бирото за недоволно развиени подрачја, во износ од 23.736 илјади денари и Анекс на договорот во износ од 29.504 илјади денари. Се појавуваат два основни договори под број 229/02 од 12.12.2002 година и 229/03-1 од 01.09.2003 година (наведен во Анексот). Во договорите не постои временска рамка за завршување на изведбата со изведувачот Имако ДООЕЛ од Гостивар, а за ставање во функција на водоводот, освен службена белешка од страна на Фондот за водите, не постои записник од извршениот технички прием, потпишан и заверен од инвеститорот, овластениот надзорен орган и изведувачот. Надзорот како гаранција за квалитет извршил заверка на десетата времена ситуација и Договорот за цесија кои се потпишани само од директорот, а на Договор за надзор, Договорот за цесија и ситуациите ставени различни потписи на местото директор.

## 17. **Судски спорови чие решавање зависи од идни настани кои можат да влијаат врз финансиските извештаи**

- Судски спорови во кои Фондот за водите се јавува во својство на тужител за ненаплатени побарувања во поглед на поврат на ненаменските исплатените средства, согласно член 13 од Статутот, а со оглед на тоа што Директорот на фондот е одговорен пред Владата на Република Македонија и истото ќе има влијание на финансиските извештаи и тоа по:

  - поднесено тужбено барање ПСС 1028/03 за поведена судска постапка пред Основен суд Скопје 1 од страна на Фондот за водите, спрема тужените Месна заедница с. Истибање-Оштина Виница, Пан трејд с. Истибање – Виница, ДОО Австралија - Макс од Скопје и Печатница Гоце

Делчев АД од Скопје, за поништување на Договорот за асигнација и повраток на пари во износ од 21.722 илјади денари.

- Судски спорови во кои Фондот за водите се јавува во својство на тужен и противтужител истото ќе има влијание на финансиските извештаи и тоа по:

  - поднесено тужбено барање ПСС 1183/03 за поведена судска постапка пред Основен суд Скопје 1 од страна на Табос Илија ДООЕЛ од Скопје и Илија Димовски од Штип и по противтужбено барање од Фондот за водите, по кои е донесена Пресуда на 27.01.2006 година и се усвојува противтужбеното барање на Фондот за водите и се раскинуваат договорите број 3/399 од 23.06.1999 година, број 12-225/2од 23.06.1999 година, број 4/01 од 20.04.2001 година и број 03-239/1 од 03.05.2001 година за финансирање на научно истражувачки проекти, Табос Илија ДООЕЛ од Скопје и Илија Димовски и се задолжуваат да извршат враќање на средствата на Фондот за водите во вкупен износ од 3.504 илјади денари.

**Скопје, 17.01.2007 година** **Овластен државен ревизор,**

**ФОНД ЗА ВОДИТЕ-Скопје**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 76,604 | 66,598 |
| Трансфери и донации | 3,681 | 1,214 |
| **Вкупно приходи** | **80,285** | **67,812** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3,678 | 2,460 |
| Стоки и услуги | 70,872 | 56,448 |
| **Вкупно тековни расходи** | **74,550** | **58,908** |
| **Капитални расходи** | **5,160** | **8,722** |
| **Вкупно расходи** | **79,710** | **67,630** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | **575** | **182** |

**ФОНД ЗА ВОДИТЕ-Скопје**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 575 | 182 |
| Побарувања | 249,139 | 3,078 |
| Активни временски разграничувања | 53,853 | 36,180 |
| **Вкупно тековни средства** | **303,567** | **39,440** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | |
| Капитални (материјални) средства | 1,559 | 1,078 |
| **Вкупно капитални средства** | **1,559** | **1,078** |
| **Вкупна актива** | **305,126** | **40,518** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 53,837 | 35,780 |
| Краткорочни обврски по резерви | 0 | 400 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 16 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 249,714 | 3,260 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **303,567** | **39,440** |
| **Извори на капитални средства** | | |
| Извори на капитални средства | 1,559 | 1,078 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | **1,559** | **1,078** |
| **Вкупна пасива** | **305,126** | **40,518** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат буџетите и фондовите) | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **1,078** | **1,078** |
| **Зголемување по основ на:** | **5,776** | **5,776** |
| Набавки | 5,776 | 5,776 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - |
| **Намалување по основ на:** | **(5,295)** | **(5,295)** |
| Отпис на капитални средства | - | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | - |
| Амортизација | (454) | (454) |
| Расходување | (27) | (27) |
| Спроведени корекции во текот на ревизијата | (4,814) | (4,814) |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **1,559** | **1,559** |